Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-58/1 од 02.02.2026 година, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 28.05.2026 година, ја донесе следната:

интерпромет
а. д.
Бр. 0201-510/1
28.05.2026 год
ТЕТОВО

**ОДЛУКА**
**за намалување на бројот на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор**

**Член 1**

Со оваа одлука, собранието на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово одлучи да го намали бројот на членови на Управниот одбор на друштвото од пет (5) члена на три (3) члена.

**Член 2**

Воедно, со оваа одлука, собранието на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово одлучи да го намали бројот на членови на Надзорниот одбор на друштвото од пет (5) члена на три (3) члена.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

На седницата на Собранието на акционери одржана на ден 28.05.2026 година, се разгледа предлог-одлуката за намалување на бројот на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор. Се отвори кратка дискусија во однос на намалувањето на бојот на членовите од пет члена на три члена и во Управниот одбор и во Надзорниот одбор. Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**
**Претседавач:**

_______________________________